Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе изборната наставна програма по наставниот предмет ***германски јазик (втор странски јазик)*** за IV (четврта) година образование од средното стручно образование со четиригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК (изборна)

(Втор странски јазик)

***модуларно дизајнирана***

**за IV година**

*Економски техничар, Правен техничар и Бизнис администратор*
**образовен профил / квалификација**

*Економско – правна и трговска/ Економија, право и трговија*
**струка / сектор**

Скопје, 2019 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Германски јазик (втор странски јазик) |
| **Тип на наставна програма** | Изборна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 4 (четири) ЕЦВЕТ[1] кредити (3+1) - 1 кредит одговара на 25 часа активности на ученикот од кои 8 часа за домашна работа, 8 часа за подготовка за писмени работи и 9 часа за самостојно учење |
| **Струка** | Економско – правна и трговска |
| **Сектор** | Економија, право и трговија |
| **Образовен профил** | Економски техничар, Правен техничар и Бизнис администратор |
| **Назив и ниво на квалификација** | Економски техничар, Правен техничар и Бизнис администратор<br><br>IV (четврто) ниво<br><br>Согласно *Заедничката европска референтна рамка за јазиците* после првата година на изучување на германскиот јазик во средното образование може да се достигне нивото А2 (основно ниво), по втората година во средно образование може да се достигне нивото А2 (целосно основно ниво), по третата година учење на германскиот јазик во средно образование може делумно да се достигне Б1 (делумно ниво) и по завршувањето на IV година, може да се достигне Б1 (преодно ниво). |
| **Година на изучување** | IV (четврта) година |

[1] Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2/66 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ученичката:<br>- да развие јазични и комуникативни вештини за изучување на втор странски јазик;<br>- да развие способности за поврзување на стекнатите знаења од првиот странски јазик, мајчиниот јазик и други предмети при совладување на вториот странски јазик;<br>- самостојно да користи дадени материјали и да применува познати и новонаучени стратегии за самостојно изучување на германскиот јазик;<br>- глобално и селективно да разбира прочитани или слушнати текстови со позната и помалку позната тематика;<br>- да репродуцира и да продуцира зборови и јазични искази согласно соодветното ниво;<br>- усно и писмено да опишува и да искажува искуства, мислења и ставови со соодветен вокабулар на секојдневна и позната и помалку позната тематика во неформални разговори;<br>- да учествува во разговор или дискусија што произлегуваат од секојдневните активности;<br>- да пишува едноставни, поврзани текстови на разни теми од сферата на личните интереси и струката;<br>- да парафразира кус текст на едноставен начин, задржувајќи го оригиналниот израз и редослед;<br>-да се оспособи да ги искаже социокултурните разлики од секојдневниот живот на сопствената култура и културата на земјите од германското говорно подрачје и да гради сопствени ставови и однесувања и<br>- да развива интерес кон културата на земјите од германското јазично подрачје. |
| **Модуларни единици на наставна програма** | • ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ<br>• СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ<br>• ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ<br>• ГОВОРНО ИЗРАЗУВАЊЕ<br><br>НАПОМЕНА: Поради специфичноста на изучување на странските јазици, модуларните единици се дизајнирани согласно вештините (слушање со разбирање, читање со разбирање, говорно изразување и писмено изразување), а во нив се интегрирани јазичните компоненти (лексички единици, граматички структури, јазични функции и култура). За успешна реализација на наставата по странските јазици, наставникот прави комбинација меѓу вештините и јазичните |

| | |
|---|---|
| | компоненти.<br>Понудените содржини се задолжителни, но наставникот користи примери од други извори и ја прилагодува наставата согласно образовниот профил/квалификацијата, односно струката/секторот. |
| **Материјално-технички и просторни услови** | Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на нормативот за простор донесен од страна на министерот за образование и наука.<br>Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за четврта година треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за четврта година на средното образование.<br>Се препорачува заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците, за да слушнат подобро што се зборува, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата П, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при работа во групи). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат наставници со завршени:<br>- студии по германски јазик и литература - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС.<br>- студии по германски јазик и книжевност - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС.<br>- студии по германски јазик - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

| | Модуларна единица 1. ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими (Примери) | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- препознае јазични структури и лексика од средно кон повисоко ниво во писмени искази, со тенденција на подобрување во домен на јазикот на струката; | Морални вредности и нивно кршење; човекови права и одговорности<br><br>Пасив перфект (Passiv Perfekt)<br><br>Пасив со модални глаголи (Passiv mit Modalverben)<br><br>Приредени сврзници: разделни: ниту...ниту, или ...или, спротивни: вистина ..., но, составни сврзници: како ...така и, не само...туку и..., исто така...како и (Zweiteilige Konjunktionen: weder ...noch, entweder ... oder, zwar ... aber, nicht nur ... ,sondern (auch) , sowohl ... als auch)<br><br>Инфинитивни конструкции (Infinitivsätze, sein + zu + Infinitiv)<br><br>Неопределени заменки: некој, | - Поврзување јазични конструкции.<br><br>- Структурирање реченици на јазикот на струката.<br><br>- Одговарање на поставени барања.<br><br>- Проширување реченици со помош на дводелни сврзници.<br><br>- Воочување јазични конструкции | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1. именува морални вредности, човекови права и одговорности;<br><br>1.2. препознае јазични структури од јазикот на струката/секторот;<br><br>1.3. избере јазични изрази, сврзници и зборовни групи;<br><br>1.4. состави куси и едноставни мејлови. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | нешто, било кој, некој, нешто (Indefinitpronomen - irgend- wer,-ein, was, welch, jemand, etwas)<br><br>Ein Taschendieb hatte Pech in der Wiener U-Bahn. Ein Kontrolleur wollte seine Fahrkahrte sehen. Aber als der Dieb verzweifelt in einem braunen Geldbeutel suchte, erkannte ein anderer Fahrgast seinen Geldbeutel. Der Dieb hatte ihn kurz zuvor gestohlen.<br><br>Was ist Zivilcourage? Wenn jemand unfair behandelt worden ist und man ärgert sich darüber. Oder man protestiert, wenn jemand die Regeln verletzt. Dann zeigt man Zivilcourage. Zivilcourage verlangt Mut.<br><br>Wer hat weder eigene Wohnung noch eigenes Haus?<br>Wer arbeitet nicht nur hart, sondern auch verdient wenig Geld?<br>Wer hat zwar Gold gefunden, aber ist nicht reich geworden?<br>Wer möchte entweder in einer WG oder in einem Studentenheim | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | wohnen?<br>Wer kann sowohl gut rechnen als auch mehrere Fremdsprachen sprechen?<br><br>- Bist du schon irgendwann in irgendeinem Restaurant nicht bedient worden? - Ja, letzten Sommer in einer Pizzeria. Dann war ich in Urlaub und es gab sehr viele Touristen.<br><br>- Und bist du schon einmal im Krankenhaus operiert worden?<br>- Nein, schon nie.<br><br>Der Dieb muss bestraft werden.<br>Die Regeln müssen beachtet werden.<br><br>Es ist schön, die anderen Menschen zu respektieren.<br>Es ist schlecht, den anderen gegenüber keinen Respekt zu zeigen. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | - селектира потребни јазични структури за остварување писмена комуникација; | Здравјето на човекот (здрава исхрана, спортување, здрав начин на живеење); можни начини на живеење во иднина (човек, животни и растенија)<br><br>Можен начин (Konjunktiv II der Vergangenheit)<br><br>Предлози, прилози и сврзници: и покрај / иако / заради / затоа што / затоа /бидејќи/ додека / од / заради тоа/ имено (Präpositionen, Adverbien und Konjunktionen: trotz/ obwohl/ wegen/ da /darum / denn / bis / seit / deswegen/ nämlich)<br><br>Односни реченици со прашални зборови (Relativsätze mit Fragewörtern)<br><br>Идно време (Futur I)<br><br>Предлози со генитив: надвор од/во/над/под (Präpositionen mit Genitiv: außerhalb/ innerhalb/ oberhalb /unterhalb) | - Издвојување важни потточки од темата.<br><br>- Довршување започнати реченици или краток текст.<br><br>- Подредување реченици од даден текст.<br><br>- Поврзување делови од текст според логичен редослед. | 2.1. издвои зборови и изрази во подолги текстови;<br><br>2.2. разликува можен од исказен начин;<br><br>2.3. даде препораки за можни начини на живеење во иднина. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Употреба на прилозите за место наваму / натаму (Verwendung der Lokaladverbien her/ hin)<br><br>Ich würde gerne mit ein paar Freunden auf dem Land leben. Da ist es ruhig. Die Luft ist sauber, denn es gibt nicht so viel Verkehr und keine hässlichen Hochhäuser. Man hat mehr Freizeit und muss nicht hin und her wie in einer hektischen Stadt laufen. Trotz dieser Vorteile gibt es auch einen Nachteil: es gibt kein Kino in der Nähe und man hat nicht so viele Freizeitmöglichkeiten oder Geschäfte wie in der Stadt. Aber auf dem Land gibt es viel Natur. Deshalb steht bei mir das Land an der ersten Stelle.<br><br>- Komm doch her! Ich möchte dir etwas sagen.<br><br>- Bleib nicht hier! Geh doch hin!<br><br>Ich halte sehr viel von dem Mars-Projekt und finde das richtig spannend. Aber was ist, wenn einer | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | der Menschen schwer krank wird? Ich vermute, dass das Leben dort nicht einfach sein wird – nämlich bei diesen Temperaturen.<br><br>- Wo findet denn dieses Musikfestival statt? - Ich glaube, außerhalb des Stadtzentrums, da ist mehr Platz. - Ok. Wir müssen uns dann innerhalb der nächsten zwei Wochen um die Karten kümmern. Soll ich das machen?<br>- Ja, mach das bitte!<br><br>Wäre ich doch nie mit diesem Typen ins Kino gegangen! Aber irgendwie fand ich es schon toll, dass er mich gefragt hat, ob ich mit ihm ausgehen will. Er sah so gut aus. In den zwei Monaten danach habe ich ihn dann aber richtig kennengelernt. Der reinste Egoist! Wenn ich auf meine Freundinnen gehört hätte, wäre mir das alles nicht passiert.<br><br>In der Zukunft wird man Raumstationen bauen, wo bis zu 10.000 Menschen leben werden. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Alles, was die Menschen zum Leben brauchen, kann im Weltraum produziert werden. | | |
| 3 | - употреби основни јазични структури и збогатена лексика од средно кон повисоко ниво со цел остварување писмена комуникација. | Техничко-технолошки развој (предности и недостатоци); уметност (познати претставници од уметностите) и култура (сличности и разлики)<br><br>Односни реченици со односни заменки во генитив (Relativsätze mit Relativpronomen im Genitiv)<br><br>Атрибутивни конструкции со Partizip II (Attributive Konstruktionen mit Partizip II)<br><br>Временски реченици со штом, сè додека (Temporalsätze mit sobald, solange)<br><br>Деклинација на придавки во Генитив (Adjektivdeklination im Genitiv)<br><br>Jan, dessen Bruder Niklas ein Problem mit Ben hat, war früher Sophies Freund. Sophie, deren | -применување електронска технологија<br><br>-изготвување лична карта на позната личност од уметноста и културата<br><br>-пишување е-маил, прилог за интернет форум, писмо од читател до редакција | 3.1. поврзе важни информации при пишување текст;<br><br>3.2. направи разлика меѓу културниот и технолошкиот развој низ епохите;<br><br>3.3. напише текст со збогатена лексика. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Freundin Amelie in Ben verliebt ist, will mit Jan nichts mehr zu tun haben. Emma, deren Freund Jan mit Ben in dieselbe Klasse geht, findet Sophie einfach schrecklich.<br><br>Jan wird ein wichtiges Mitglied des neugegründeten Schulchores.<br><br>Mia erzählt ungern von enttäuschenden Erfahrungen während ihres Aufenthaltes in England.<br><br>Die gut vorbereiteten Schüler können die Präsentation besser vortragen.<br><br>Carmen Rohrbach ist die Autorin des Buchs „Solange ich atme". Sobald sie ihr Buch geschrieben hat, wurde es bald danach veröffentlicht.<br><br>Der Geruch gegrilten Hähnchen erinnert mich an meine Oma auf dem Land. | | |

| | Модуларна единица 2. СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими (Примери) | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- препознава и разбира глобално и селективно важни информации од предавања и презентации коишто се изградени јасно и едноставно доколку темата е делумно позната; | Здравјето на човекот (здрава исхрана, спортување, здрав начин на живеење); можни начини на живеење во иднина (човек, животни и растенија)<br><br>Идно време (Futur I)<br><br>Употреба на прилозите за место наваму/натаму (Verwendung der Lokaladverbien her/ hin)<br><br>Односни реченици со односни заменки во генитив (Relativsätze mit Relativpronomen im Genitiv)<br><br>Атрибутивни конструкции со Partizip II (Attributive Konstruktionen mit Partizip II)<br><br>Неопределени заменки: некој, нешто, било кој, некој, нешто | - Вежби пред слушањето како: подредување слики или фотографии со измешан редослед со или без пропратен текст; асоциограми со клучни зборови; кратки дискусии за проширување на темата и воочување на можните интеркултурни разлики.<br><br>- Вежби за време на и по глобалното и/или селективното слушање: вежби со одговарање прашања, вежби со заокружување (да/не, точно/неточно, повеќечлен избор).<br><br>- Слушање куси говори, предавања, покуси литературни текстови, описи на места, | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1. ги препознае најважните информации во предавања и дијалози од релативно позната тема, доколку темата е едноставна и јасно структурирана;<br><br>1.2. го разбере глобално и селективно значењето на слушнат подолг текст од релативно позната тематика;<br><br>1.3. ги избере важните искази и информации во кратки предавања и презентации;<br><br>1.4. процени едноставни описи со релативно позната тематика доколку се зборува на стандарден јазик;<br><br>1.5. процени едноставни описи со тематика од изучуваната струка/сектор, доколку се зборува на стандарден јазик. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | (Indefinitpronomen: irgend-wer, ein, was, welch, jemand, etwas)<br><br>Umfrage im Radio: „Meine Meinung über das Leben in 50 Jahren? Also, ich glaube die Leute werden noch nicht auf einem anderen Planeten leben. Auch auf der Erde wird es sicher kein gesundes Leben mehr geben. Und Roboter und Maschinen werden die Menschen bei der Arbeit ersetzen. Hoffentlich wird man das Wetter und das Klima künstlich verändern können."<br><br>-Komm her, ich muss dir etwas zeigen.<br><br>Auf dem Tisch dort liegt mein Buch. -Gehst du bitte hin und holst es mir?<br><br>Anna kam ins Haus hinein und ging gleich wieder heraus.<br><br>Ich habe mir ein neues Auto gekauft, dessen Motor man nicht hören kann.<br><br>Frau Sommer, deren Sohn heute | водичи. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Geburtstag hat, hat viele Haustiere.<br><br>Das Buch, dessen Autor heute mit uns redet, ist vor zwei Wochen veröffentlicht.<br><br>Wir werden unsere renovierte Wohnung zusammen mit dem Möbel verkaufen.<br><br>Ich esse sehr gern gebratenes Hühnerfleisch mit gegrillten Zucchini.<br><br>Bei dem Wienern Opernball, dessen Eröffnung jedes Jahr im Februar ist, versuchen elegant gekleidete Journalisten Interviews zu bekommen.<br><br>- Haben Sie irgendwelche Fragen?<br>- Ja, kann mir bitte irgendeiner mit der Beinpresse und dem Spin-Bike helfen?<br><br>- Was werden wir Paula zum Geburtstag schenken?<br>– Irgendetwas. Ihr sind Geschenke nicht so wichtig. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | - ги идентификува и поврзува важните информации при слушањето на автентични аудио-визуелни дијалози на стандарден јазик, доколку темата е делумно позната; | Уметност (познати претставници од уметностите) и култура (сличности и разлики меѓу културите); човекови права и одговорности<br><br>Односни реченици со прашални зборови (Relativsätze mit Fragewörtern)<br><br>Перфект со модални глаголи (Perfekt mit Modalverben)<br><br>Пасив Перфект (Passiv Perfekt)<br><br>Пасив со модални глаголи (Passiv mit Modalverben)<br><br>Деклинација на придавки во генитив (Adjektivdeklination im Genitiv)<br><br>Инфинитивни конструкции (Infinitivsätze, sein + zu + Infinitiv)<br><br>Предлози со генитив: надвор од/во/над/под ( Präpositionen mit Genitiv: außerhalb/ innerhalb/ oberhalb/ unterhalb) | - Вежби со: подредување зборови во реченица или текст, поврзување искази, подредување по точен редослед, пополнување текст со празнини, внесување во табели и сл.<br><br>- Слушање спортски преноси, покуси вести, радио-емисии во врска со изучуваната струка, интервјуа, дискусии. | 2.1. ги идентификува важните информации во едноставни автентични наративи доколку се зборува на стандарден јазик без употреба на жаргон;<br><br>2.2. ги издвои клучните информации од радио вести, ТВ емисии и поедноставни дијалози на познати теми од личен или општ интерес, доколку се зборува релативно полека и јасно;<br><br>2.3. разбере и примени конкретни упатства и наредби, на пр. во училница, во струката/секторот и при активности во слободно време;<br><br>2.4. ги поврзе и репродуцира главните точки на дејството во слушнати едноставни, наративни текстови. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | In der „Allgemeine Erklärung der Menschenrechte der Vereinten Nationen“, worüber wir heute in unserer Sendung reden, steht klar: Jeder Mensch hat das Recht, in anderen Ländern vor Verfolgung Asyl zu suchen und zu genießen.<br><br>Im Neuen Museum in Berlin, wo der Staat schon Renovierungen getan hat, muss noch so viel getan werden.<br><br>Der Buchdruck ist von Johannes Gutenberg erfunden worden.<br><br>Der Begriff der Menschenrechte ist 1791 von Thomas Paine erstmals eingeführt worden.<br><br>In Bayern muss das Oktoberfest im September eröffnet werden und mitte August ist noch viel zu tun.<br><br>Der Park liegt innerhalb der alten Stadt.<br><br>Im Radio/Fernsehen: „Und | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Manuel Neuer fängt den Ball in der Luft außerhalb des Strafraums. Was für eine verpasste Chance für das Gastmannschaft!“ | | |
| 3 | - толкува во целост детални упатства на едноставно структуриран јазик, како и туѓи аргументи и ставови на позната или актуелна тема. | Морални вредности и нивно кршење; техничко-технолошки развој (предности и недостатоци)<br><br>Можен начин (Konjunktiv II der Vergangenheit)<br><br>Предлози, прилози и сврзници: и покрај/иако/заради/затоа што/затоа/додека/од/затоа/ имено (Präpositionen, Adverbien und Konjunktionen: trotz/ obwohl/ wegen/ da/ darum/ denn/ bis/ seit/ deswegen/ nämlich)<br><br>Временски реченици со штом, додека (Temporalsätze mit sobald, solange)<br><br>Приредени сврзници: разделни: ниту...ниту, или ...или, спротивни: | - Вежби за донесување заклучоци врз основа на претходно дадени информации (наслови, слики, звучни сигнали, интонација, невербални елементи итн.).<br><br>- Одговарање отворени прашања и искажување сопственото мислење.<br><br>- Вежби со заокружување (да/не, точно/неточно, повеќечлен избор); вежби за пронаоѓање алтернативен одговор.<br><br>- Слушање куси крими-епизоди на радио, едноставни аудио книги, куси филмови, видео клипови.<br><br>- Слушање интервјуа кои | 3.1. препознава зборови, структури и изрази во говорен контекст;<br><br>3.2. толкува едноставни технички информации, како прирачници за секојдневни уреди;<br><br>3.3. ја толкува информативната содржина на аудио-визуелниот материјал, доколку се работи за позната тематика и се зборува релативно бавно и јасно;<br><br>3.4. процени туѓи мислења и аргументи доколку се изразени на едноставен јазик;<br><br>3.5. презентира и оправда сопствен став на едноставно структуриран јазик. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | вистина ..., но, составни сврзници: како ...така и, не само...туку и..., исто така...како и (Zweiteilige Konjunktionen: weder ...noch, entweder ... oder, zwar ... aber, nicht nur ... ,sondern (auch) , sowohl ... als auch)<br><br>„Frau Huber war eine Art Dame, der nichts passiert - eine stille Witwe, die in einer stillen Stadt unter stillen Freunden lebt. Aber liebe Frau Huber erwartete kaum, in einen Mord verwickelt zu sein. Nämlich steckte sie nur diese unschuldige Kleinanzeige in die Abendzeitung und seitdem waren Dinge nicht so leise. Hör zu, als Carina Wiese in „Meine Liebe Nichte" spielt, die in einem Moment beginnt.“<br><br>Zwar bin ich nicht an deiner Stelle, aber ich hätte mich nicht in der Streit eingemischt.<br><br>Er hat nicht nur sein Versprechen gebrochen, sondern auch deutlich gemacht, dass wir keine Freunde | содржат искажување мислења; радио-анкети; ток-шоуа од забавен карактер. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | mehr sind. Das hätte ich nie getan!<br><br>Entweder bist du fleißig oder faul. Und solange du nur am Computer sitzt, bleibt dein Zimmer richtig unordentlich und es sieht so aus, als ob ein Tornado durchs Zimmer geweht hätte.<br><br>- Wegen meiner Hausaufgabe muss ich zu Hause bleiben. Und du? – Trotz der Hausaufgabe gehe ich heute Abend in Konzert.<br><br>Sobald man sich an neue Technologien lehnt, braucht man nicht mehr zu denken. | | |

| | Модуларна единица 3. ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими (Примери) | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- разбере глобално подолги текстови со секојдневна тематика, како и текстови од областа на струката; | Морални вредности и нивно кршење; здравјето на човекот (здрава исхрана, спортување, здрав начин на живеење)<br><br>Пасив Перфект (Passiv Perfekt)<br><br>Пасив со модални глаголи (Passiv mit Modalverben)<br><br>Односни реченици со односни заменки во генитив (Relativsätze mit Relativpronomen im Genitiv)<br><br>Можен начин (Konjunktiv II der Vergangenheit)<br><br>Приредени сврзници: разделни: ниту...ниту, или...или, спротивни: вистина...ама, составни сврзници: како...така и, не само (што)... туку и (Zweiteilige | - Поврзување фотографии со делови од текст.<br><br>- Поврзување наслови со делови од текст.<br><br>- Подредување делови од текст по хронолошки и логичен редослед. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1. разбере глобално подолги текстови со позната лексика, поврзана со темата;<br><br>1.2. разбере одредени информации од подолги текстови со помалку позната лексика;<br><br>1.3. ја поврзе новонаучената лексика во контекст. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Konjunktionen: weder...noch, entweder... oder, zwar... aber, nicht nur... sondern (auch), sowohl... als auch<br><br>Die Geldbörse ist gestohlen worden. Sie ist von den Schülern gefunden worden und muss zurückgegeben werden.<br><br>Am Wochenende ist bei uns zu Hause morgens die Zeitung gelesen worden. Es ist leise gesprochen worden, damit diese Zeit richtig genossen werden kann.<br><br>Nur mit Kaffee und ohne Frühstück den Tag zu laufen? Nein, Zeit für ein gesundes Frühstück muss jeden Morgen genommen werden, weil das eine gute Energiebasis für den Tag schafft.<br><br>Karl dachte an die bevorstehende Operation seines Vaters, deren Ausgang ungewiss war.<br><br>Gestern traf ich Peter in der Stadt, dessen Mountain-Bike 28 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Gänge hat.<br><br>Er träumt oft von einer Landschaft, deren Schönheit ihn beeindruckt.<br><br>Hätte ich doch nur Obst und Gemüse gegessen, wäre ich nicht so dick gewesen.<br><br>Hätte ich als Kind nicht regelmäßig Sport getrieben, hätte ich heute nicht so eine gute Körperhaltung.<br><br>Ich trinke weder Wein noch Bier.<br><br>-Du, Thomas, immer muss ich auf dich warten. Und weder kommst du pünktlich an noch rufst du an und sagst, dass du wieder spät kommst.<br><br>Peter ist ein Vegetarier. Er isst entweder Fisch oder Gemüse aber auf keinem Fall Fleisch.<br><br>Ich spiele nicht nur Fußball, sondern auch Basketball.<br><br>Maria ist eine echt gute Person. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Nicht nur ehrlich und tolerant ist sie, sondern auch immer hilfsbereit.<br><br>Ich habe zwar keine Lust, aber ich gehe trotzdem mit meiner Freundin heute joggen.<br><br>Ich mag sowohl dunkle als auch weiße Schokolade. | | |
| 2 | - селектира потребни информации од подолги текстови; | Човекови права и одговорности; техничко-технолошки развој (предности и недостатоци)<br><br>Инфинитивни конструкции (Infinitivsätze, sein + zu + Infinitiv)<br><br>Неопределени заменки: некој, нешто, било кој, некој, нешто (Indefinitpronomen: irgend-wer, ein, was, welch, jemand, etwas)<br><br>Перфект со модални глаголи (Perfekt mit Modalverben)<br><br>Предлози, прилози и сврзници: и покрај/иако/заради/затоа што/затоа/бидејќи/додека/од/ | - Поврзување информации од текст со одредена личност.<br><br>- Одговарање прашања.<br><br>- Повеќечлен избор.<br><br>- Дополнување одредени информации во табела.<br><br>- Дополнување текст со празнини. | 2.1. препознае клучни зборови и изрази поврзани со темата;<br><br>2.2. да издвои изрази од подолги текстови, со лексика поврзана со струката/секторот;<br><br>2.3. ја поврзе и примени новонаучената лексика во нова дадена задача. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | затоа/имено (Präpositionen, Adverbien und Konjunktionen: trotz/ obwohl/ wegen/ da/ darum/ denn/ bis/ seit/ deswegen/ nämlich)<br><br>Односни реченици со прашални зборови (Relativsätze mit Fragewörtern)<br><br>Die neue Erfindung des Computerprogramms ist nicht zu glauben.<br><br>Ich bin bereit, über das Vergangene zu reden.<br><br>Die meisten sind daran gewohnt, täglich stundenlang vor dem Bildschirm zu sitzen.<br><br>Irgendjemand muss diese Arbeit tun, aber niemand findet sich dazu bereit.<br><br>Der Professor hat wohl in seiner Aufgabenstellung irgendwas durcheinander gebracht. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Dort drüben steht irgendwer.<br><br>Ich möchte jetzt irgendwas Süßes.<br><br>-Ich brauche noch Salz! Hast du noch welches?"<br>-Nein, aber frag mal Frau Meier, sie hat bestimmt welches!<br><br>Mit Hilfe der künstlichen Intelligenz hat man Krankheiten schneller erkennen können. Das Computersystem „Watson" hat beispielweise Fachstudien und Krankenakten analysieren können. Diese Technik hat in 230 Krankenhäusern weltweit dazu beitragen sollen, das Menschenrecht an körperlicher und geistiger Gesundheit besser zu erstellen.<br><br>Trotz der schlechten Aussprache haben wir uns verstanden. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Da die Zahl der Studenten ständig steigt, müssen zusätzliche Studienplätze geschaffen werden.<br><br>Ich gehe heute nicht zur Arbeit, ich bin nämlich krank.<br><br>Obwohl es kalt ist, ziehe ich keine Jacke an.<br><br>Sie will den Sonnenuntergang sehen, darum ist sie jetzt am Strand.<br><br>-Wissen Sie, wann der erste Roboter konstruiert wurde? -Ja, im 18. Jahrhundert. Berühmte Mechaniker dieser Zeit erfanden Automaten, die sprechen, tanzen oder Schach spielen konnten.<br><br>-Weißt du eigentlich, woher das Wort „Roboter“ kommt ? Aus dem Tschechischem Wort „robota“. Es bedeutet „Arbeit“. Interessant, nicht? | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | - анализира текстови со секојдневна тематика и текстови напишани на јазикот на струката/секторот. | Можни начини на живеење во иднина (човек, животни и растенија); уметност (познати претставници од уметностите) и култура (сличности и разлики помеѓу културите).<br>Идно време (Futur I)<br><br>Предлози со генитив: надвор од/во/над/под ( Präpositionen mit Genitiv :außerhalb/ innerhalb/ oberhalb/ unterhalb)<br><br>Употреба на прилозите за место наваму/натаму (Verwendung der Lokaladverbien her/ hin)<br><br>Деклинација на придавки во генитив (Adjektivdeklination im Genitiv)<br>Атрибутивни конструкции со Partizip II (Attributive Konstruktionen mit Partizip II)<br>Временски реченици со штом, додека (Temporalsätze mit sobald, solange)<br>In 100 Jahren werden runde | - Вежби од типот поврзување на делови од текстот со одредени прашања.<br><br>-Ччитање и обележување на точните теми поврзани со текстот.<br><br>- Дополнување празнини во текст со долунаведени реченици.<br><br>- Поврзување на одредени огласи со дадени професии. | 3.1. разбере детално информации од подолг текст со секојдневна тематика;<br><br>3.2. ја примени новонаучената лексика во текстови поврзани со струката/секторот;<br><br>3.3. ја анализира содржината на текстот напишан на јазикот на струката/секторот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Einfamilienhäuser in unseren Städten stehen. Sie werden recyclebar sein und 95 Prozent ihres Energieverbrauchs selbst produzieren. Natürlich wird es die Häuser in vielen verschiedenen Größen geben.<br>Der Mobile Lieferservice ist ein Projekt eines Vereins. Kunden, die über 70 Jahre alt sind, können sich alle Medien kostenlos an ihre private Adresse innerhalb der Stadt liefern lassen. Alle anderen Kunden können diesen Dienst für 3,50 Euro nutzen. Außerhalb des Stadtgebiets ist dieser Dienst leider nicht möglich.<br>Unterhalb des Dorfes gibt es einen sehr schönen Wald.<br>Oberhalb der Stadt steht eine alte Ruine aus dem Mittelalter.<br>-Wo findet denn die Austellung statt? Und wie geht man zur Austellung hin?<br><br>Komm mal schnell her! Hier ist eine schönes Bild. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Aus dem Pariser Museum für moderne Kunst entwendeten Diebe fünf Bilder im geschätzten Wert von bis zu 100 Millionen Euro. Unter den gestohlenen Meisterwerken sind Werke von Pablo Picasso, Henri Matisse und Georges Braque.<br><br>Das gesungene Lied ist mir sehr bekannt, aber ich kann mich nicht erinnern woher. Kennst du es?<br><br>Sobald ich das Geld bekommen habe, bezahle ich die Miete.<br><br>Solange sie klassische Musik hört, fühlt sie sich entspannt.<br><br>Das Bild des bekannten Künstlers ist sehr beliebt.<br><br>Die Gesundheit der Menschen hängt von der gesunden Ernährung ab. | | |

| | Модуларна единица 4. ГОВОРНО ИЗРАЗУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими (Примери) | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- опише ситуации од поблиското и подалечното животно опкружување со едноставен јазик, реченици и фрази; | Морални вредности и нивно кршење; човекови права и одговорности<br><br>Пасив перфект (Passiv Perfekt)<br><br>Пасив со модални глаголи (Passiv mit Modalverben)<br><br>Приредени сврзници: разделни: ниту...ниту, или ...или, спротивни: вистина ..., но, составни сврзници: како ...така и, не само...туку и..., исто така...како и (Zweiteilige Konjunktionen: weder ...noch, entweder ... oder, zwar ... aber, nicht nur ... ,sondern (auch) , sowohl ... als auch)<br><br>Инфинитивни конструкции (Infinitivsätze, sein + zu + | - Опишување слики.<br><br>- Користење видеоматеријали.<br><br>- Давање одговор на поставено прашање.<br><br>- Издвојување потточки на дадена тема. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1. опише ситуации од секојдневното опкружување;<br><br>1.2. именува права и одговорности;<br><br>1.3. примени новонаучени зборови и изрази во нов контекст. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Infinitiv)<br><br>Неопределени заменки: некој, нешто, било кој, некој, нешто (Indefinitpronomen - irgend-wer, ein, was, welch, jemand, etwas)<br><br>In einer WG muss das Geschirr gespült werden, der Boden soll zweimal in der Woche gewischt werden und der Müll muss jeden Tag ausgetragen werden.<br><br>- Das finde ich nicht in Ordnung, dass immer irgendwelche Gäste unerwartet zu Besuch kommen.<br>- Reg dich nicht so auf. Ich schlage vor, entweder kommen die Gäste am Wochenende oder an den Feiertagen.<br><br>Laut der „Deklaration der Menschenrechte“ sollte jeder Mensch die gleichen Grundrechte besitzen und alle Staaten sollten ihren Bürgern diese Menschenrechte garantieren. Die Bürger haben sowohl Recht auf Leben, Freiheit, | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Sicherheit als auch auf Arbeit, Bildung und Asyl.<br><br>Bist du irgendwann in der Schule bestraft worden?<br><br>Bist du jemals von einem Insekten gestochen worden?<br><br>Bist du  viellecht beim Training verletzt worden?<br><br>Das ist nicht zu glauben.<br><br>Es ist leicht, diese Aufgabe zu machen.<br><br>Es ist schlecht, jemanden zu beleidigen. | | |
| 2 | - пренесе клучни информации според важноста во секојдневната комуникација во однос на општо познати прашања, но и во други непознати ситуации; | Здравјето на човекот  (здрава исхрана, спортување, здрав начин на живеење); можни начини на живеење во иднина (човек, животни и растенија)<br><br>Можен начин (Konjunktiv II der Vergangenheit) | - Креирање мисловна мапа.<br><br>- Селектирање и дополнување информации во табели.<br><br>- Играње по улоги според дадени модели.<br><br>- Барање/давање информации. | 2.1. препознае клучни информации при комуникација;<br><br>2.2. подреди информации според важноста;<br><br>2.3. парафразира искази со свои зборови. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Предлози, прилози и сврзници: и покрај / иако / заради / бидејќи/затоа што / затоа / додека / од / заради тоа/ имено (Präpositionen, Adverbien und Konjunktionen: trotz/ obwohl/ wegen/ da /darum / denn / bis / seit / deswegen/ nämlich)<br><br>Односни реченици со прашални зборови (Relativsätze mit Fragewörtern)<br><br>Идно време (Futur I)<br><br>Предлози со генитив: надвор од/во/над/под (Präpositionen mit Genitiv: außerhalb/ innerhalb/ oberhalb /unterhalb)<br><br>Употреба на прилозите за место наваму / натаму (Verwendung der Lokaladverbien her/ hin)<br><br>Ich möchte auf gar keinen Fall in einer WG wohnen. Erstens: wegen des Lärms von den Partys | - Водење дијалози. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | und zweitens: wegen der Unordnung in der Küche. Du auch? - Doch, ich möchte gerne in einer WG trotz des Lärms und trotz der Unordnung wohnen. Das ist nicht wichtig für mich. Am wichtigsten ist, nicht einsam zu sein.<br><br>Ich vermute, dass das Leben in der Zukunft nicht einfach wird. Es wird wahrscheinlich viele Schwierigkeiten geben, da die Umwelt heutzutage sehr verschmutzt ist. Deswegen sollte man in der Zukunft weniger Müll produzieren.<br><br>Wenn ich mehr gelernt hätte, würde ich jetzt studieren können.<br><br>Wäre ich nicht vom Fahrrad gefallen, wäre ich jetzt in der Schule.<br><br>Hätte er als Kind kein Fast-Food gegessen, wäre er jetzt schlank. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Mit einem Interrail-Zugticket kann man sechs Wochen lang innerhalb Europa reisen.<br>Bist du irgendwann außerhalb deiner Heimat gereist?<br><br>Alles, was mir zum Thema „Gesundes Leben“ einfällt: frisches Wasser, Obst, Gemüse, viel Sport und wenig Stress.<br><br>Ein Ort, wo ich mich entspannen kann: der Stadtpark. | | |
| 3 | - комуницира во едноставни вообичаени и невообичаени ситуации за познати и помалку познати теми и активности и да учествува во кратки разговори коишто бараат едноставна размена на информации. | Техничко-технолошки развој (предности и недостатоци); уметност (познати претставници од уметностите) и култура (сличности и разлики)<br><br>Односни реченици со односни заменки во генитив (Relativsätze mit Relativpronomen im Genitiv)<br><br>Атрибутивни конструкции со Partizip II (Attributive Konstruktionen mit Partizip II) | - Формулирање говорни искази врз основа на дадени зборови-потсетници.<br><br>- Опишување уметнички дела.<br><br>- Користење дигитални медиуми за истражување информации.<br><br>- Изготвување и презентирање проект. | 3.1. ја разбере поентата во разговорот;<br><br>3.2. реагира соодветно кон соговорникот;<br><br>3.3. примени лексички и граматички функции во кратки разговори. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Временски реченици со штом, додека (Temporalsätze mit sobald, solange)<br><br>Деклинација на придавки во генитив (Adjektivdeklination im Genitiv)<br><br>In einem Artikel der heutigen Schülerzeitung geht es um eine Veranstaltung für Skaten.<br>Im Artikel steht auch, dass die ganze Innenstadt während der Veranstaltung autofrei ist.<br>Der Artikel informiert außerdem über das leckere Essen, die Getränke und die musikalische Unterhaltung.<br><br>Im Vordergrund des bekannten Bildes kann man ein paar spielende Kinder sehen. Im Hintergrund sieht man zerfallene Häuser mit gebrochenen Fensterscheiben.<br><br>Für den Aufenthalt der Jugendgruppe aus unserer | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | deutschen Partnerschaft haben wir folgendes Kulturprogramm zusammengestellt: Sobald die Gruppe am Flughafen ankommt, fahren wir Richtung Ohrid. Solange wir in Ohrid sind, besuchen wir die bekanntesten Sehenswürdigkeiten. | | |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.<br>Оценувањето на постигањата на учениците треба да биде транспарентно и согласно нивоата од Блумовата таксономија. Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на целата учебна година.<br>Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши со бројчани оценки во текот на училишната година. Од вкупниот број оценки, две ќе се базираат на писмени работи, додека останатите оценки ќе се базираат на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални, групни изработки на проекти и тестови. Учениците треба однапред да бидат запознаени со критериумите и начинот на оценување.<br>Критериумите за формирање оценка треба да се експлицитни како за ученикот, така и за родителот, т.е. да се објаснат уште на почетокот на учебната година и наставникот да се придржува до тие критериуми. Како критериуми можат да се земат: оценките од усното искажување, оценките од писмените работи/тестови, оценките од активноста на часот, изработката на домашни задачи, изработка на презентации и проектни задачи.<br>На крајот на четврта година учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка. |
| **Литература и други извори** | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2022/2023 година** |

| | |
|---|---|
| Институција/<br>носител на програмата | Биро за развој на образованието (БРО) |
| Потпис и датум на донесување на наставната програма | бр. 13-11378/60<br>4.10.2019 година<br><br>МИНИСТЕР, с.р.<br>Dr. Arbër Ademi<br>________________________ |
| Датум на ревизија | |